# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ – СКРИПТА „ОСНОВИ НА ХОРСКО ДИРИГИРАЊЕ 1“ ОД ПРОФ. М-Р ВАЛЕНТИНА ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА И М-Р ИВАНА ЈАНКОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката број 1902-109/7 од редовната седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност, одржана на 4.12.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Илчо Јованов, професор на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– м-р Горанчо Ангелов, доцент на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

За рецензијата на приложениот ракопис за издавање на учебно помагало/**скрипта „Основи на хорско диригирање 1“ од проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска и м-р Ивана Јанков** по предметот **Хорско диригирање 1** наменет за студентите на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за учебно помагало/скрипта **„Основи на хорско диригирање 1“** од проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска и м-р Ивана Јанков е компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Хорско диригирање 1, што се изучува на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, за студиите на прв циклус додипломски студии на одделот Теорија на музиката и музичка педагогија во III семестар и за студиите на прв циклус додипломски студии за Вокално-инструменталниот оддел, со неделен фонд на часови 2+1+1. Предметот, согласно со наставните програми, се вреднува со 4 кредити. Приложениот ракопис е работен компјутерски, а текстот е дополнет со повеќе примери, шеми, цртежи и табели кои соодветно го илустрираат материјалот поврзан со проблемите и аспектите на техниките за формирање на профил – хорски диригент.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на теоретската реализација на споменатата програма. Истовремено одговара и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Приложениот ракопис е концизно учебно помагало, кое ги опфаќа во целост диригентските методи и техники кои се главна цел на изучување на предметот Хорско диригирање 1. Ракописот што е приложен за рецензија е со А4 формат, фонт 12, напишан во Times New Roman, со македонска поддршка и има внесено петнаесет нотни примери, пет цртежи, тринаесет шеми и три табеларни прикази.

Предметната материја во која се обработени основите на хорското диригирање е систематизирана во осум дела:

1. Диригирање – историски развој
2. Диригентски апарат
3. Подготвителни вежби за диригирање на основни шеми
- Диригирање на едноставни шеми
- Диригирање на дводелна шема
- Диригирање на триделна шема

- Диригирање на четириделна шема
4. Подготвителен потег
- Подготвителен потег во дводелен рамноделен метар
- Подготвителен потег (подготовка) во триделен рамноделен метар
- Подготвителен потег (подготовка) во четириделен рамноделен метар
5. পододдел во рамноделниот метар – дводелен, триделен и четириделен
6. Диригирање на корона (фермата) на крајот и во текот на композицијата
7. Непотполн такт
8. Реперкусија на гласовите.

Првиот дел ги опфаќа основните информации во однос на историскиот развој на диригирањето како вештина и техника. Воедно се посочени и позначајните имиња на композитори и диригенти при формирањето на профилот – диригент.

Во вториот дел – *Диригентски апарат* се образложени вежбите за постигнување на правилен диригентски став, вежбите за свесно користење на мускулите од 'рбетниот столб, вежби за постигнување на чувство во раката и одделни нејзини делови со контролирано напрегање и олабавување на мускулите, вежби за постигнување на чувство во рамениот дел, вежби за чувствување на „точката на ударот“ и завршни вежби за ослободување од напнатоста кај диригентскиот апарат и чувство на „тежина“ во диригентските движења.

Третиот дел сеопфатно ги обработува техниките на диригирање на основните рамноделни метрички формули преку поставување на шемите за диригирање, на дводелна, триделна и четириделна шема. Материјалот е јасно поставен преку графичкото прикажување на шемите, како и повеќе образложенија и вежби за постигнување на соодветна мануелна техника.

Четвртиот дел темелно се осврнува на подготвителниот потег, обработен преку сите основни рамноделни метрички шеми, дводелен, триделен и четириделен метар.

Во петтиот дел е обработен пододделот во рамноделниот метар, дводелен, триделен и четириделен.

Шестиот дел од оваа скрипта многу систематизирано го поставува диригирањето на короната (фермата) на крајот и на почетокот, како и во тек на делата.

Во седмиот дел се опфатени вежбите за диригирање на непотполн такт, преку двата вида – преттакт и замав.

Во осмиот дел е поставена реперкусија на гласовите, проследена преку една композиција, при што студентите на соодветен начин ќе може да ја согледаат примената на претходно изнесените диригентски вештини и техники.

Предложениот ракопис претставува извонредна основа за подготовка на студентите на ФМУ за одговор на теоретските и практичните барања на предметот Хорско диригирање 1. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта, пропишани според Правилникот на единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Рецензентската комисија предлага ракописот за учебно помагало/скрипта со наслов „Основи на хорско диригирање 1“ од проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска и м-р Ивана Јанков да биде објавена како скрипта за потребите на студентите на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Илчо Јованов, с.р.**
**Доц. м-р Горанчо Ангелов, с.р.**